**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**Државен просветен инспекторат**
Број: 09-10/7
03.08.2024 година
Прилеп

| | |
|---|---|
| **СОЗУ „Кузман Шапкарев“ Битола** | |
| **КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ ОД ИЗВРШЕНА ИНТЕГРАЛНА ЕВАЛУАЦИЈА** | |
| **Датум на интегрална евалуација:** | од 11 до 13 март 2024 г. |
| **Број на извештај:** | 4 / Пелагониски / 2024 г. |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Гордан Трифуновски |
| **Вид на училиштето:** | средно стручно училиште |
| **Подрачни училишта** | / |
| **Основач на училиштето:** | општина Битола |
| **Наставен јазик:** | македонски јазик |
| **Број на ученици:** | 43 |
| **Полова структура на ученици:** | 39 машки и 4 женски |
| **Број на наставници:** | 20 |
| **Претседател на училишниот одбор:** | Нада Христовска |
| **Директор на училиштето:** | Златко Крстевски |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | од 8 до 10 октомври 2018 год. |
| **Адреса на училиштето:** | ул. „Димитар Робев“ бр.3, Битола |
| **Телефон:** | 047/238-401 |
| **Факс:** | / |
| **e-mail:** | ksapkarev@hotmail.com |
| **оценка од ИЕ** | **2,63 – добро** |

Инспекцискиот надзор е извршен согласно членовите 2, 19, 20, 24, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Сл.в. на Република Македонија“ број 52/05, 81/08, 148/09, 57/10, 51/11, 24/13, 137/13, 164/13, 41/14, 33/15 и 145/15) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Сл. в. на РМ“ бр. 86/06).

# РЕЗИМЕ

Согласно Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат за 2024 година и Законот за просветната инспекција од 11 до 13 март 2024 година, тим од три државни просветни инспектори спроведе интегрална евалуација во работата на СОЗУ „Кузман Шапкарев“ Битола.

Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговорите водени со различните фокус групи, од посетените наставни часови, анализата на претходно доставените прашалници и се она што можеше да се види на лице место, тимот од државни просветни инспектори констатира дека квалитетот во работењето на училиштето е подобрен, односно квалитетот во работењето на СОЗУ „Кузман Шапкарев“ Битола **е добар (2,63)**.

СОЗУ „Кузман Шапкарев“ Битола е препознатливо по тоа што е најстаро земјоделско училиште во државата, по квалитетот на работа на наставниците, добрата клима и односи во училиштето и специфичноста на струките што се нудат во училиштето. Во последните години имиџот на училиштето се има многу подобрено, пред се поради ентузијазмот, посветеноста и упорната работа на наставниците и психологот со учениците.

Училиштето е инклузивно, во него учат ученици со посебни образовни потреби (ПОП) и проценка од стручно тело според МКФ, За нив обезбедени се образовни асистенти. Училиштето е мултиетничко, во него учат: Македонци, Албанци, Роми и Турци.

Применуваните наставни планови и програми за пет профили од земјоделско-ветернинарна струка: техничар за ветеринарна медицина, техничар за фитомедицина, агротехничар, техничар за агроменаџмент и агротехничар за традиционално и органско производство, се во согласност со програмските документи изготвени од Бирото за развој на образованието (БРО) и Центарот за стручно образование и обука (ЦСОО) и одобрени од Министерството за образование и наука (МОН).

Согласно наставните планови, покрај редовната настава се остваруваат: практична настава, учење преку работа кај работодавач и феријална пракса. Практичната настава се остварува во две смени во рамките на постоечките фарми и во земјоделското стопанство кои се во склоп на училиштето. Се изучуваат и содржини програмирани од училиштето (СПУ): Урбана култура, Бизнис и претприемништво, Подготовки за вработување и работа, Сточарско производство, Хортикултура и Природни науки.

По мал број наставни предмети постојат примери на вградени особености на локалната средина во поставените цели од наставните програми, наставните помагала, како и во содржините и активностите за негување на меѓуетничката интеграција во образованието. Нема разработено насоки за вградување на меѓупредметните цели во наставните програми што се остваруваат и мал број од наставниците ги вградуваат истите во нивните планирања.

Во последните три години остварени се бројни воннаставни активности кои во голем дел ги одразуваат потребите и интересите на учениците и им помагаат во развојот на граѓанските и општествени компетенции за доживотно учење. Ученици секоја година учествуваат и освојуваат награди на натпревари кои се организираат на годишни средби на земјоделските училишта од државата по: вешто возење, препознавање на коски и органи, препознавање на семиња и плевели, калемење, аранжирање на цвеќе и органско

производство. Училиштето соработува со земјоделските училишта во државата, со земјоделско училиште од Раковац во Р. Србија, како и со други училишта на меѓународно ниво преку проектот „Еразмус +“.

Постигањата на учениците многу добро и редовно се следат од страна на стручната служба, и се анализираат на наставничките и на класните совети. Според изготвените извештаи и прегледи просечниот успех на учениците на ниво на училиште во последните три учебни години е во опаѓање: од 3,75 во учебната 2020/21, на 3,45 во учебната 2021/22 и на 3,24 во учебната 2022/23 година. На крајот од првото полугодие во тековната учебна година просечниот успех е 2,88. Директорот, психологот и наставниците сметаат дека опаѓањето на постигањата на учениците се должи пред се на слабиот успех на учениците кои зе запишуваат во училиштето, а кој од година во година е се послаб.

Психологот има изготвено програма за работа со надарени и талентирани ученици и програма за работа со ученици кои имаат потешкотии во учењето. Голем е бројот на ученици со потешкотии во учењето од причина што голем број од учениците се запишуваат во училиштето со слаб успех и прадзнаења.

Училиштето ја следи редовноста на учениците. Се анализираат причините за големиот број изостаноци на учениците и се преземаат мерки за нивно намалување. Просечниот број на неоправдани изостаноци по ученик има тренд на растење: од 3 во учебната 2020/21, на 17 во учебната 2021/22 и на 28 во учебната 2022/23 година. Учениците и наставниците сметаат дека главните причини за изостаноците се: големата оддалеченост на училиштето од продавниците за храна, но и од автобуската постојка каде превозникот ги остава при превоз од местото на живеење, како и заради домашни обврски на учениците при сезонска работа.

Во училиштето нема пропишани приоди за планирање и утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на директорот и стручниот соработник психолог, но планирањата на наставниците најмалку двапати во едно полугодие се следат од страна на директорот и психологот. Потребно е донесување на интерен акт во кој ќе се утврдат процедури и насоки за поддршка и следење на планирањата на наставниците, при што податоците од индивидуалните постигања на учениците од претходните часови ќе се земаат во предвид при планирањето со планирање на диференцирани активности и задачи.

Најголемиот број од наставниците се однесуваат со учениците на начин што промовира прифаќање, почитување, помош, соработка, толеранција, разбирање и доверба. Наставниците се проактивни во создавање клима за надминување на полови, етнички, религиски и други стереотипи и предрасуди.

Училиштето нема пропишана интерна процедура за следење на наставниот процес, но секој наставник се посетува на час најмалку еднаш годишно од директорот или од стручниот соработник психолог. Потребно е донесување на интерен акт со кој ќе се утврдат процедури за следење на наставниот процес, при што екој наставник ќе се посетува најмалку два пати во полугодие, најавено и ненајавено, со задолжителна повратна информација.

Најголемиот број од учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, инклузивна, интеркултурна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење. Учениците сметаат дека начинот на кој се учи во училиштето е интересен. За време на часот, голем број од наставниците ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат.

Училиштето нема дефинирана политика за оценување со цел да го поддржи учењето на секој ученик, вклучувајќи и кодекс за оценување. Потребно е да се донесе интерн акт – Етички кодекс за оценување во кој ќе се пропишат насоки и процедури за континуирано следење на постигањата на учениците согласно критериумите и стандардите за оценување, а со цел редовно и навремено запознавање на учениците и родителите со постигањата на учениците, како и за наставниците да ги користат податоците добиени од следењето за да подобрување на планирањето и реализацијата на наставата преку планирање на диференцирани активности и задачи.

Инфраструктурата на училиштето е безбедна и не претставува опасност за повреда на учениците и вработените. Секоја година училишната зграда и спортската сала се осигуруваат и се спроведува постапка за осигурување на вработените и учениците. Во тековната учебна година спроведена е симулациона вежба за евакуација, спасување и укажување на прва помош на лица во случај на земјотрес. Училиштето има тим за откривање на насилно однесување и Протокол за кризни настани и инциденти.

Најголемиот број ученици и родители се задоволни од одржувањето на хигиената во училишниот објект, спортската сала, училишниот двор и во останатиот училишен простор.

Училиштето има изготвено програма за подршка на ученици од социјално-економски загрозени семејства, но нема пропишани процедури со конкретни активности и одговорни лица за грижа за учениците кои поради хронично заболување или посериозни повреди, подолго време отсуствуваат од редовната настава. Потребно е донесување на интерен акт со кој ќе се пропише поддршката и грижата за овие ученици.

Во училиштето се реализира програма за професионално ориентирање и кариерно советување на учениците. Со учениците од завршните години психологот врши индивидуални и групни советувања за нивно понатамошно образование и вработување.

Наставниот кадар е почитуван од страна на учениците и родителите. Во училиштето се видливи позитивните меѓучовечки односи. Постојат голем број примери на тимска работа, соработка и професионален однос кон работата. Наставниците и психологот сметаат дека меѓусебната професионална соработка е многу добра, како на ниво на стручни активи, така и на ниво на училиште. Најголемиот број вработени се трудат да бидат позитивен пример за учениците и со внимание се справуваат со проблемите што се однесуваат на дисциплината и редовноста.

Училиштето има изготвено Куќен ред и повеќе кодекси: Кодекс на облекување на ученици, Кодекс на однесување на ученици и наставници за време на екскурзија или друга воннаставна активност, Етички кодекс на наставници и стручни соработници, како и коекси за однесување на наставниците, учениците и родителите кои се истакнати на видни места во училиштето. Куќниот ред и кодексите не се донесени по демократски пат. Потребно е нивно донесување по демократски пат, со активно и подеднакво вклучување на сите структури во училиштето.

Младинската заедница не е формирана. Потребно е формирање на младинската заедница со цел поактивно вклучување на учениците при носењето на одлуки кои се од нивен интерес.

Училиштето има развиен систем за наградување на учениците кои постигнале успех. Училиштето има интерен акти: Правилник за наградување на наставници и стручни соработници и Правилник за наградување на успешни ученици, за наставниците и учениците кои помогнале во промовирање на училиштето.

Училиштето го промовира и прифаќа мултикултурализмот. Учениците учат да ја почитуваат сопствената култура и традиција и културата на другите етнички заедници во државата, без оглед на која етничка група ѝ припаѓаат и на кој јазик ја посетуваат наставата.

Училиштето активно е вклучено во животот на општина Битола и регионот преку: спроведување на бројни заеднички активности во соработка со голем број јавни установи во општината, проекти и организирање и учество на настани од интерес на заедницата, како и реализација на практичната работа. Од посебно значење е соработката на училиштето со ЕЛС на општина Битола, МКЦ-Битола, Центар за јавно здравје-Битола, ЗК „Пелагонија“, „Синпекс“, „Еуростил“, „Комуналец“, Агенција за развој на земјоделието, Стопанската комора, ИМБ Млекара -Битола, земјоделски аптеки, ветеринарни амбуланти, „Кромберт и Шуберт“ -Битола и други како и соработката со Еко-програмите „Globe“ и „Upshift“, со НВО „Анима-кер центар“, Здружение на граѓани за заштита и унапредување на човечката и животната средина „Еко Гаиа“, Здружение „Лајонес“ Битола, Здружение „Галоп-коњаница“-Битола и др.

Во изминатиот период извршена е целосна замена на надворешната дограма, целосна реконструкција на фасадата, на покривот на училишниот објект и сменета е громобранската инсталација. Извршена е санација на санитарните јазли и на подот во една училница и ходникот, бојадисани се внатрешните ѕидови на дел од училниците и ходниците. Внатрешната столарија (врати) и подовите во сите училници се дотраени и има потреба од нивна замена.

Спортската сала е современа и располага со добар број на спортски реквизити. Во истата нема затоплување, т.е. салата располага со инсталација за парно греење која не е во функција.

Училиштето располага со доволен број нагледни средства и други технички помагала. Во училниците има 48 компјутерски работни места за учениците и девет десктоп компјутери за наставниците. Во 10 училници се поставени LED телевизори, а во една училница поставена е SMART табла, училницата за презентации и има 3 видео-проектори. Училиштето располага со доволен број печатачи и друга помошна технологија и потрошен материјал. Во целиот училишен простор има кабелски и безжичен пристап до Интернет. Училишната гаража е опремена со потребната земјоделска механизација, но дел од оваа механизација е застарена и потребно е набавка на нова и современа опрема и механизација. Училишната фарма има 10 крави. Во текот на наставната година се вршат набавки на потрошен материјал кој добро ги задоволува реалните потреби на училиштето.

За ниту еден наставник, ниту за стручниот соработник психолг не е реализирана обука за работа со деца со ПОП. Потребни се обуки на воспитно-наставниот кадар за работа со деца со ПОП.

Стручниот соработник психологот е од голема помош на наставниците во организирањето на наставата, следењето на напредокот на учениците, справување со проблемите на индивидуално и групно ниво и во давање соодветна помош.

Наставниците успешно работат како тим во рамките на стручните активи и придонесуваат за ефективно работење на училиштето. Еден наставник е автор на учебник, а три наставници учествувале во изработка, дополнување или измена на наставните програми и планови за средно стручно образование.

Континуирано се следат потребите на наставниците за личен професионален развој. Тимот за професионален развој на наставниците работи според програма. Сите наставници и стручниот соработник психолог имаат личен план за професионален развој

и професионално досие за наставник/стручен соработник. Повеќето наставници имаат посетено бројни обуки. По реализираните обуки и семинари во училиштето се вршат дисеминации. Училиштето има внатрешни механизми за оддавање признанија на кадарот, што внесува ефективни иновации во работата.

Училиштето располага со: сметка за наменска дотација (903-14), сметка за самофинансирачки активности (787-10) и две сметки за донации преку проектот „Еразмус+“ (785-70 и 785-84). Средствата од сметките 787 и 903 наменски се трошат за потребите на теоретската и практичната настава: направени се голем број инфраструктурни подобрувања и набавени се: компјутерска опрема, ХТЗ опрема за сите ученици и наставници за практичната работа, SMART табла, потрошен материјал, друга опрема, алати, инструменти, сервисирање на механизација и друго. Дел од опремата е донација на други установи (УСАИД, Американска амбасада, Програмата Globe идр). Најголемиот број вработени и родители сметаат дека финансиското работење е транспарентно и домаќинско.

Раководниот кадар има професионален однос кон работата и како приоритет на своето работење го става подобрување на условите за работа во училиштето и постигањата на учениците. Работењето на раководниот орган е засновано на тимска работа и има подршка во раководењето и реализирањето на образовната политика од сите структури на училиштето. Во училиштето функционираат повеќе тимови: тим за справување со врсничко насилство, тим за работа со ученици со емоционални потешкотии, тим за работа со ученици од социјално-економски загрозени семејства, училишен инклузивен тим, тим за спроведување на функционална анализа, инклузивен тим и три инклузивни тимови за ученик за три ученици со ПОП. Во училиштето функционираат повеќе комисии: за запишување на ученици во прва година, за прием на учебници, за проверка на електронскиот дневник и други.

Развојните целите се јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и постигањата на учениците. Општа цел на училиштето е учениците да се здобијат со потребни знаења, умеења и вештини од одредени научни дисциплини, усвојувајќи знаења за продолжување на образованието или вклучување во процесот на трудот преку обезбедување на основа за доживотно учење. Наставниците активно учествуваат во одредувањето на развојните цели и креирањето на стратегиите за нивно остварување и се запознаваат со нивното остварување. Родителите и учениците се запознаваат со развојните цели, но не се активно вклучени во нивното креирање и остварување. Има потреба од поактивно вклучување на учениците и родителите во креирањето и остварувањето на училишната развојна политика.

Училиштето има Статут (бр. 01-41/1 од 01.02.2013г.) за кој МОН има донесено Решение под број 19-1051/2 од 21.02.2013г. за давање на согласнст. Покрај статутот во работењето на училиштето се применуваат повеќе интерни акти.

Училиштето има спроведено самоевалуацијата е за учебните 2021/22 и 2022/23 година. Од спроведената самоевалуација има Извештај од спроведената самоевалуација (бр. 02-359/4 27.12.2023г.) во кој прецизно се набележани јаките страни во работењето и предлог мерки за подобрување на квалитетот во работењето.

Во Програмата за развој на училиштето за период од 2024 до 2028 година (бр. 02-143/1 од 19.08.2024г.) зацртани се визијата и мисијата на училиштето, определени се целите и задачите и истакнати се приоритетите за развој во наредните 4 учебни години.

Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2023/24 година (бр. 01-224/2 од 30.08.2023г.) е усвоена од Училишниот одбор и донесена од Советот на општина Битола.

## КАРАКТЕРИСТИКИ НА УЧИЛИШТЕТО

Во Средното општинското земјоделско училиште “Кузман Шапкарев“ Битола се наоѓа во североисточниот дел од Битола, на магистранилниот пат за Прилеп. Воспитно-обрзовната работа се остварува според наставниот план и наставните програми за средно стручно образование за земјоделско-ветеринарна струка во траење од четири години:

1. *Техничар за ветеринарна медицина*,
2. *Техничар за фитомедицина*,
3. *Агротехничар*,
4. *Техничар за агроменаџмент* и
5. *Агротехничар за традиционално и органско производство*.

Во склоп на училиштето од учебната 2014/15 година работат и четири дисперзирани паралелки од Спортската гимназија.

Училиштето е основано во 1945 година од Министерството за земјоделство на НР Македонија како земјоделско училиште „Борис Кидриќ“ Битола, што е потврдено Потврда за основање бр. 04-19538/1 од 24.12.1965г.. По барање од Министерството за образование и физичка култура училиштето е запишано во Регистарот на училишта како СОЗУ „Кузман Шапкарев“ Битола. Училиштето е запишано во Централен регистар на РС Македонија со главна дејност шифра 85.32 - техничко и стручно средно образование. Последната промена во Централен регистар на РС Македонија е направена со Решение број 30420240000159 од 05.02.2024г.

Воспитно-образовната работа во училиштето се остварува во: 15 училници, два кабинети (информатика и цвеќарство), библиотека, педолошка лабораторија, фискултурна спортска сала, спортски отворен стадион и краварска фарма. Училиштето располага и со гаража со земјоделска механизација. Наставата се остварува на македонски јазик во една смена. Воспитно-образовната работа ја остваруваат вкупно 20 наставници и еден стручен соработник психолог. Два наставници како дополнување до пол фонд на часови работат како библиотекари. Воспитно образовната работа е поддржана од директор, секретар, благајник, сметководител, информатичар, хаус-мајстор, четири хигиеничари и четири чувари.

Во тековната учебна година во училиштето учат 43 ученици (39 од машки и 4 од женски пол) распоредени во 6 паралелки. Сите паралелки се со број на ученици помал од 20 и за нив училиштето има обезбедено согласност од основачот. Училиштето е повеќе етничко, односно од 43 ученици: 33 Македонци, 8 Албанци и по еден Ром и Турчин.

# 1. НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

## 1.1. Остварување на наставните планови и програми

Воспитно-обрзовната работа се остварува според наставниот план и наставните програми за средно стручно образование за:

1. *Техничар за ветеринарна медицина* од земјоделско-ветеринарна струка во траење од четири години, верифицирана од МОН со акт за верификација УП1 13-970 од 09.06.2020г.;
2. *Техничар за фитомедицина* од земјоделско-ветеринарна струка во траење од четири години, верифицирана од МОН со акт за верификација УП1 13-969 од 23.06.2020г.;
3. *Агротехничар* од земјоделско-ветеринарна струка во траење од четири години, верифицирана од МОН со акт за верификација УП1 13-902 од 09.06.2020г.
4. *Техничар* за агроменаџмент: од земјоделско-ветеринарна струка во траење од четири години, верифицирана од МОН со акт за верификација УП1 13-968 од 09.06.2020г.
5. *Агротехничар за традиционално и органско производство* од земјоделско-ветеринарна струка во траење од четири години, верифицирана од МОН со акт за верификација УП1 13-968 од 09.06.2020г.

Применуваните наставни планови и програми се во согласност со програмските документи кои се изготвени од БРО и одобрени од МОН.

Наставата во училиштето се остварува во една смена, додека практичната настава се остварува во две смени.

Согласно наставните планови во училиштето се остварува и практична настава, учење преку работа кај работодавач и феријална пракса. Практичната настава се остварува во две смени во раките на постоечките фарми и во земјоделското стопанство кои се во склоп на училиштето.

Согласно наставните планови во училиштето се остваруваат и содржини програмирани од училиштето: урбана култура, бизнис и претприемништво, подготовки за вработување и работа, сточарско производство, хортикултура и природни науки.

Во редовната настава, покрај задолжителните предмети, согласно наставните планови, а по избор на учениците, се изучуваат и изборни предмети.

Директорот и стручната служба, пред почетокот на секоја учебната година, ги запознаваат наставниците со новините и измените во наставните планови и програми.

Во училиштето учат три ученици со посебни образовни потреби (ПОП) и стручна проценка според МКФ. Формиран е Училишен инклузивен тим и за овие ученици обезбедени се образовни асистенти.

## 1.2. Квалитет на наставните планови и програми

Наставниците изработуваат годишни и тематски планирања, како и оперативен план за наставен час, како за редовната настава, така и за практичната настава и за содржините програмирани од училиштето. Планирањата на наставниците континуирано се следат од

страна на стручната служба и директорот, за што се води уредна евиденција. Годишните и тематските планирања се во согласност со наставните планови и програми.

Во мал број наставни предмети постојат примери на соодветно вградени особености на локалната средина во поставените цели од наставните програми, наставните помагала, како и во содржините и активностите за негување на меѓуетничката интеграција во образованието.

Училиштето нема разработено насоки за вградување на меѓупредметните цели во наставните програми што се остваруваат и мал број од наставниците ги вградуваат истите во нивните планирања.

Во последните три години не е покрената иницијатива до БРО и МОН за изменување и дополнување на наставните планови и програми на барање на наставниците и/или родителите.

### 1.3. Воннаставни активности

Училиштето во последните три учебни години остварува бројни воннаставни активности кои во голем дел ги одразуваат потребите и интересите на учениците и им помагаат во развојот на граѓанските и општествени компетенции за доживотно учење.

Во согласност со потребите и интересите на учениците, секоја година со Годишната програма за работа на училиштето се планират повеќе облици на воннаставни активности преку кои на учениците им се овозможува своето слободно време да го поминат организирано, да се занимаваат со работи кои се од нивен домен на интерес, да се стекнат со нови знаења и искуства, да развијат нови вештини, да се дружат со своите врсници, да се опуштат, или едноставно да се забавуваат: еднодневни работилници, работни акции, хуманитарни акции, одбележување на денови и празници, посета на установи, посета на јавни претпријатија, одбележување на денот на училиштето и друго.

Ученици од училиштето секоја година учествуваат и освојуваат награди на ученички натпревари кои се организираат на годишни средби на земјоделските училишта од државата по: вешто возење, препознавање на коски и органи, препознавање на семиња и плевели, калемење, аранжирање на цвеќе и органско производство.

Училиштето соработува со земјоделските училишта во државата и со земјоделското училиште од Раковац во Р. Србија, како и со други училишта на меѓународно ниво преку проектот Еразмус Плус со меѓусебни посети на наставници и ученици и изработка на заеднички проекти.

Ву училиштето се остваруваат активности за опшествено корисна работа на учениците преку кои учениците се учат да развиваат љубов и позитивен однос кон работата, да негуваат почит кон работниот човек, средства и произвотството и да ги почитуваат резултатите од трудот.

Училиштето секоја година планра ученички екскурзии и други вонучилишни активности кои се изведуваат надвор од училиштето со цел да се остваруваат конкретни цели од наставните програми:

- ученичка екскурзии за учениците од завршните години и
- два излети за сите ученици, есенски и пролетен.

Во последните три години ученичките екскурзии за учениците од завршните години не се остваруваат поради малиот број на ученици во училиштето. Училиштето прави напори учениците од завршните години да можат да одат на ексурзија заедно со ученици од другите средни училишта во општината, но без успех.

Училиштето е вклучено во Проектот за меѓуетничка интеграција на младите во образованието (ПМИМО). Во училиштето е формиран тим за интеграција на мултикултурализмот во воспитно-образовниот процес кој секоја година изработува акциски план со конкретни активности кои се остваруваат во рамките на училиштето со ученици од училиштето. Училиштето има меморандум за соработка со партнер училиштето СОУ „Моша Пијаде“ Тетово, но во последните три години не се планирани заеднички активности. Секој наставник на почеток на учебна година во прилог на годишните и тематските планирања доставува план на активности за меѓуетничка интеграција во образованието.

Училиштето има регистрирано спортски клуб, но истиот не е активен.

# 2. ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

## 2.1. Постигања на учениците

Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците по сите наставни предмети, по пол, квалификациони периоди, паралелки и по години, на ниво на училиште. Постигањата на учениците многу добро и редовно се следат од страна на стручната служба, и се анализираат на наставнички и на класни совети. Постигањата на учениците се следат и при хоризонтално и вертикално движење на учениците. Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците од испитите од државната матура, завршен испит, како и од плагања на вонредни ученици кои го дооформуваат своето образование. Се прави споредбена анализа за изминатите три учебни години. Училишниот психолог прави и споредбена анализа на успехот на учениците на крајот од основното образование и на крајот од прва година, како и анализа на успехот на учениците по паралелки, во текот на четирите години од средно образование.

Според изготвените извештаи и прегледи за период од последните три учебни години просечниот успех на учениците на ниво на училиште е во опаѓање: 3,75 во учебната 2020/21 година на 3,45 во учебната 2021/22 година и на 3,24 во учебната 2022/23 година. На крајот од првото полугодие во тековната учебна 2023/24 година просечниот успех е 2,88. Постигањата на учениците се добри. Директорот, психологот и наставниците сметаат дека опаѓането на постигањата на учениците се должи пред се на слабиот успех на учениците кои зе запишуваат во училиштето, а кој од година во година е се послаб.

Во училиштето во редовната настава има вклучено 3 ученици со ПОП за кои се обезбедени 3 образовни асистенти. Училиштето има формирано училишен инклузивен тим кој работи според своја програма за работа, како и инклузивни тимови за учениците со ПОП. Овие ученици наставата ја следат според сопствен индивидуален образовен план (ИОП).

Психологот и наставниците во текот на наставата вршат идентификација на ученици со потешкотии во учењето и на надарени/талентирани ученици, којашто е најчесто прецизна особено заради малата бројност на паралелките. Стручната служба има изготвено програма за работа со надарени и талентирани ученици и програма за работа со ученици кои имаат потешкотии во учењето. Голем е бројот на ученици со потешкотии во учењето од причина што голем број од учениците се запишуваат во училиштето со слаб успех и прадзнаења.

При остварувањето на учењето преку работа кај работавач (УПР) и феријалната пракса, постигањата на учениците се евидентираат од ментори-вработени лица. Постигањата на ученици од содржини програмирани од училиштето (СПУ) се оценуваат бројчано од наставници, кои остваруваат области од интерес на струките, а оценката не влијае на успехот на ученикот. За овие наставни предмети постигањата се евидентираат во портфолио на ученик.

Училиштето промовира уверување дека постигањата на сите ученици можат да се подобрат. При следење на успехот на паралелките во текот на школувањето се даваат насоки и предлог-мерки за подобрување на успехот на учениците. Сите наставници посветуваат големо внимание и ги преземаат сите можни мерки за подобрување на успехот на учениците, кои во голем број доаѓаат од основно образование со слаби предзнаења и слаба мотивација за учење. Истотака, немањето на учебници по дел од наставните предмети, а посебно по голем број од стручните предмети, наставниците го

посочија како потешкотија во учењето и голема пречка во подобрувањето на постигањата на учениците.

Во текот на учебната година во училиштето се остварува дополнителна настава по предмети за кои учениците имаат потешкотии во учењето и додатна настава за учениците кои покажуваат интерес и постигаат значителни резултати во одделни области. Во остварувањето на дополнителна настава училиштето има соработка со родителите, а мал број наставници општат со учениците преку Интернет. Но, поради едносменското работење, како и термините за превоз на учениците, училиштето се соочува со потешкотии при остварувањето на дополнителната и додатната настава. Истотака, малиот број на ученици им овозможува на наставниците за подобрување на постигањата на учениците да работат со учениците на основно ниво, на ниво на препознавање и асоцијација, со давање на примери од реалниот живот, развивање на вештини, со диференциран индивидуализиран пристап во учењето и поучувањето, како во теоретските часови така и во практичната настава.

Училиштето им овозможува на учениците хоризонтален премин од едно во друго подрачје, што е повремено, а со барање од страна на ученикот најдоцна со втора година. Истотака, се овозможува вертикална проодност на редовните и вонредните ученици. Во последните 3 учебни години, во соработка со училишниот психолог, 14 ученици го завршиле своето средно образование по вонреден пат.

Во последните три години не се оставени заеднички активности областа на меѓуетничка интеграција во образованието со партнер училиштето. Во изминатата учебна година остварена е заедничка активност со основно училиште од Битола со мешан етнички состав на учениците.. Училиштето секоја година во годишниот извештај ги нотира и содржините од активности за меѓуетничка интеграција на младите во образованието кои биле остварувени во текот на наставната година. При реализирањето на овие активности учениците се вклучуваат независно од нивната етничка припадност. Училиштето ги подобрува интеркултурите компетенции на учениците преку проектот Еразмус+ и при остварување на воннаставни активности во соработка со средни стручни училишта од Србија, Турција, Шведска, Италија, Франција и др.

## 2.2. Задржување/осипување на учениците

Училиштето прави големи напори за опфат на ученици, односно за подобрување на уписот на ученици во прва година, кои ги исполнуваат условите определени со конкурсот. Училиштето организира отворени денови неколку пати во текот на годината, на кои се поканети учениците од завршната година во основните училишта. Претставници од училиштето во рамките на уписната кампања посетуваат основни училишта од регионот, каде се врши презентација за наставните програми и подрачја, ги запознаваат со расположивите ресурси и со воннаставните активности се остваруваат во училиштето. Во 2021г. направена е и анкета за изборот на средно училиште, со ученици од 9-то одделение и нивните родители, од општините Битола, Могила, Новаци и Демир Хисар. Истотака, во текот на второ полугодие училиштето се рекламира на локални медиуми и портали, на ФБ, Инстаграм, преку печатени флаери и на саем на средни училишта од Битола. При ова училиштето соработува со Стопанската комора, Министерството за земјоделие, Агенцијата за развој на земјоделие, Агенцијата за храна и ветеринарство и др. Училиштето преку своите органи и во соработка со општина Битола прави напори за подобрување на уписната политика на деца во прва година. Сепак, бројот на запишани деца во прва година во последните три учебни години опаѓа.

Училиштето ја следи редовноста на учениците, која делумно задоволува. Класните раководители редовно и навремено доставуваат податоци за бројот на неоправдани и оправдани изостаноци за учениците. Во училиштето се анализираат причините за големиот број изостаноци на учениците и презема мерки за нивно намалување. Вкупниот број на изостаноци на ниво на училиште на крајот од прво полугодие од оваа учебна 2023/24 година е 2189 изостаноци. Просечниот број на неоправдани изостаноци по ученик има тренд на растење: од 3 во учебната 2020/21 година на 17 во учебната 2021/22 година и на 28 во учебната 2022/23 година. Од извршените разговори со ученици се констатира дека учениците често имаат изостаноци заради големата оддалеченост на училиштето од продавниците за храна, но и од автобуската постојка каде превозникот ги остава при превоз од местото на живеење, како и заради домашни обврски на учениците при сезонска работа. Мал број на ученици се сместени во ученички интернат во Битола, кој е многу оддалечен повеќе од 2 километри од училиштето, а од кој учениците доаѓаат на сопствен трошок.

Училиштето ги реализира советувањата на родителите и води уредна документација. Родителите редовно се повикуваат на советување и разговор кај психологот по сите основи: за намален успех во учењето, нередовно посетување на настава и за несоодветно однесување во училиштето на нивните деца. Во изминатата учебна година реализирани се вкупно 15 советувања на ученици и родители и тоа: 6 за намален успех, 7 за нередовно посетување на наставата и 2 за несоодветно однесување на ученик. Советувања на родители придонесуваат во подобрување само во однос на успехот на учениците.

Во училиштето се следи осипувањето на ученици и се анализираат причините за истото. Минатата учебна година поради иселување во странство средното образование го напуштиле 1 редовен и 1 вонреден ученик.

Училиштето во целост ја почитува постапката за премин на ученици од едно во друго училиште. При премин на ученик во друго училиште ги доставува информациите за постигњата на ученикот, а при прием на ученик од друго училиште се бараат истите податоци и истите се земаат во предвид при натамошната образовна работа со ученикот.

### 2.3. Повторување на учениците

Во минатата учебна 2022/23 година нема ученици кои ја повториле годината на образовани. Во учебните 2020/21 и 2021/22 година, годината ја повториле по двајца ученици. Мал број на ученици се упатуваат на класни испити на годината.

Училиштето ги запознава учениците со правото за поднесување на приговор до наставнички совет, ако се незадоволни со некои од годишните оценки. До наставнички совет на училиштето не се доставени приговори на ученици по однос на оценки..

# 3. УЧЕЊЕ И НАСТАВА

## 3.1. Планирања на наставниците

Во училиштето нема пропишани приоди за планирање и утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на директорот и стручниот соработник, но планирањата на наставниците најмалку двапати во едно полугодие се следат од страна на директорот и стручниот соработник психолог, за што се користи посебен инструмент-табела. Потребно е донесување на интерен акт со кој ќе се утврдат процедури и насоки за поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на директорот и стручниот соработник психолог, при што податоците од индивидуалните постигања на учениците од претходните часови ќе се земаат во предвид при планирањето преку планирање на диференцирани активности и задачи.

Тимот за меѓуетничка интеграција во образованието им обезбедува поддршка на наставниците за вградување на целите од образованието за меѓуетничка интеграција и граѓанска вклученост во планирањата на наставниците. Училишниот инклузивен тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП и остварува соработка со ресурсните центри.

Сите наставници навремено ги планираат: редовната, додатната, практичната, дополнителната и додатната настава и воннаставните активности. Сите наставници имаат годишни, тематски планирања и оперативен план за наставен час. Планирањата на најголемиот број наставници ги содржат сите неопходни елементи за успешна организација и реализација на часот. Целите на наставата, очекуваните исходи од учењето и начинот на оценување се јасно утврдени во планирањата од најголемиот број наставници. Наставниците ги користи информациите од оценувањето и ги идентификуваат потребите на учениците, но не ги користат при планирањето на следните чекори во учењето.

При зработката на планирањата наставниците соработуваат во рамките на стручните активи, користат стручни искуства од други училишта и од меѓународни искуства.

Распоредот на часови е изработен во согласност со наставниот план. Училиштето навремено изработува распоред за додатна и дополнителна настава, слободни часови и тој се реализира според предвидената динамика.

## 3.2. Наставен процес

Голем број од наставниците користат разновидни наставни форми што соодветствуваат на потребите и можностите на учениците и нивните стилови на учење. Малиот број на ученици во паралелка ги ограничува можностите на наставниците да користат проактивни методи за работа со учениците и претежно користат индивидуален пристап, работа во парови или со целата паралелка. Учениците преку практичната настава и учењето преку работа кај работодавач успешно ги развиваат клучните компетенции за доживотно учење.

Најголем број од наставниците се обучени за употреба на ИКТ и нови образовни технологии и нив ги применуваат во наставата. Задачите што се работат во училиште или дома се планирани и поврзани со работата на учениците за време на часовите. Мал број наставници не планираат задачи и активности со различно ниво на сложеност. Наставниците користат различни ресурси и приоди за учење и настава, не ограничувајќи

се исклучиво на учебници и дополнителна прирачна литература, посебно по стручните предмети по кои нема учебници. На учениците им се овозможува да работат и да напредуваат според сопствените можности. Голем број од наставниците ги споделуваат целите на наставата и очекуваните исходи од учењето со учениците. Поучувањето е јасно и разбирливо, соодветно на потенцијалите и предзнаењата на учениците. Најголем број од наставниците ги поттикнуваат учениците активно да учествуваат во наставата.

Најголемиот број од наставниците се однесуваат со учениците на начин што промовира прифаќање, почитување, помош, соработка, толеранција, разбирање и доверба. Наставниците се проактивни во создавање клима за надминување на полови, етнички, религиски и други стереотипи и предрасуди.

Училиштето нема пропишана интерна процедура за следење на наставниот процес, но секој наставник се посетува на час најмалку еднаш годишно од директорот или од стручниот соработник психолог. Потребно е донесување на интерен акт со кој ќе се утврдат процедури за следење на наставниот процес, при што екој наставник ќе се посетува најмалку два пати во полугодие, најавено и ненајавено, со задолжителна повратна информација.

Учењето преку работа/практичната обука кај работодавачите целосно се реализира според наставниот план и програма. Феријалната практика се реализира според насоките изработени од Центарот за стручно образование и обука.

### 3.3. Искуства на учениците од учењето

Најголемиот број од учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, инклузивна, интеркултурна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење. Заедничкиот училиштен простор е естетски уреден, а визуелниот материјал и пишаните содржини во него го отсликуваат мултикултурниот карактер на државата. Трудовите на учениците не се изложуваат.

Учениците сметаат дека начинот на кој се учи во училиштето е интересен. За време на часот, голем број од наставниците ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. Најголемиот број наставници не ги искажуваат слабите страни на учениците пред други ученици и успешно го користат пофалувањето.

Учениците имаат можност да го искажат сопственото мислење притоа почитувајќи го мислењето на другите.

Учениците сметаат дека училиштето поттикнува и мотивира соработка меѓу учениците, негува интеркултурна комуникација и почитување на различностите. Учениците заеднички работат на различни проекти, во наставата и надвор од неа, во групи со хетероген состав. Најголемиот број ученици се чувствуваат прифатени, задоволни и среќни во паралелката и во училиштето.

Училиштето им обезбедува на сите ученици да реализираат феријална практика и учење преку работа кај работодавач во реални работни услови согласно со наставните планови и програми.

### 3.4. Задоволување на потребите на учениците

Поголемиот број од наставниците и стручниот соработник психолог ги идентификуваат индивидуалните образовни потреби на учениците, како и пречките и потешкотиите во процесот на учење и преземаат активности за нивно остварување, односно за нивно отстранување. За учениците кои го завршиле основното образование со послаб успех и имаат слаби предзнаења наставниците и стручниот соработник психолог обезбедува индивидуална поддршка. Голем број наставници во соработка со стручните соработници и инклузивниот тим во процесот на поучување им даваат можност на учениците со различни способности да постигнат оптимален личен развој.

### 3.5. Оценувањето како дел од наставата

Училиштето ги применува позитивните законски и подзаконски прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Училиштето нема дефинирана политика за оценување со цел да го поддржи учењето на секој ученик, вклучувајќи и кодекс за оценување. На ниво на стручни активи се усогласуваат критериумите за оценување со кои учениците се запознаваат. Сите наставници изготвуваат и користат стандарди и критериуми за оценување кои се усогласени со стандардите и критериумите утврдени во наставните програми. Годишните оценки се сумативни и произлегуваат од формативното оценување во текот на годината. Годишните оценки отстапуваат од полугодишните оценки во просек за помалку од половина оценка. Потребно е да се доне интерн акт – Етички кодекс за оценување во кој ќе се пропишат насоки и процедури за континуирано следење на постигањата на учениците согласно критериумите и стандардите за оценување со цел наставниците да ги користат информациите добиени од оценувањето за да ги подобрат планирањата и реализацијата на наставата преку планирање на диференцирани активности и задачи..

Голем број од наставниците користат разновидни методи, форми и инструменти за оценување и непрекинато го следат и го оценуваат напредокот на учениците. Формативното и сумативното оценување е јавно и транспарентно за учениците. Учениците преку самооценување и меѓусебно оценување се вклучуваат во оценувањето. Приодите во оценувањето им овозможуваат на учениците да ги подобруваат постигнувањата. Постигнувањата на учениците со пречки во развојот се оценуваат во согласност со целите во индивидуалниот образовен план во соработка со инклузивниот тим на училиштето.

Наставниците не ги користат информациите добиени од оценувањето за да ги подобрат планирањата и реализацијата на наставата. Поголемиот број од наставниците им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигнувањата и по потреба ги вклучуваат во дополнителна настава.

### 3.6. Известување за напредокот на учениците

Училиштето нема утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца. Поголемиот број од наставниците им даваат транспарентна и конкретна повратна информација на учениците за нивните постигнувања. Родителите се запознаваат со постигнувањата на своите деца преку групни и индивидуални родителски средби и квартално со евидентни листови, како и со редовно ажурирање на податоците во Е-Дневникот. Родителите на децата со посебни образовни потреби се запознаени со напредокот на ученикот предвиден во ИОП.

# 4. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

## 4.1. Севкупна грижа за учениците

Инфраструктурата на училиштето е безбедна и не претставува опасност за повреда на учениците и вработените. При реализација на практичната настава учениците користат заштитна опрема. Секоја учебна година училишната зграда и спортската сала се осигуруваат. Училиштето секоја година спроведува постапка за осигурување на вработените и учениците. Двајца вработени имаат сертификат за давање на прва помош на лица при несреќи, од кои еден е наставник доктор по ветеринарна медицина. Има тим за давање на прва помош. Во соработка со општинската организација на Црвен Крст - Битола се организираат предавања на учениците за давање на прва помош на повредени лица при несреќи. Во тековната учебна година во соработка со: Здравствен дом - Битола, Општинска организација на Црвен Крст -Битола, Територијална против-пожарна единица, Центарот за управување со кризи, Дирекцијата за заштита и спасување и Службата за внатрешни работи - Битола, спроведена е симулациона вежба за евакуација, спасување и укажување на прва помош на лица во случај на земјотрес. Во вежбата биле вклучени сите ученици и наставници. Училиштето има изготвено План на мерки и активности за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи. На видни места во училиштето поставени се патокази за излез, панични светла и аларм во спорстската сала. Училишните објекти се под видео надзор и се обезбедуваат со четворица ноќни чувари.

Училиштето располага со вкупно осум против пожарни апарати и истите редовно се сервисираат. Во училишниот објект инсталирани се два хидранти кои не се во функција и потребно е нивно сервисирање и четири хидранти во спортската сала во исправна состојба. На училишниот објект и на спортската сала поставена е громобранска заштита.

Училиштето има пишани документи-кодекси, со кои се дефинирани сите облици на однесување на учениците, наставниците, родителите и другите лица вработени во училиштето. Во изминатите три учебни години помеѓу учениците нема регистрирано било каков облик на насилство. Во случај на вербална расправија помеѓу ученици од страна на стручниот соработник-психолог навремено се превземаат мерки. Во училиштето формиран е тим за откривање на насилно однесување во училиштето и изготвен е Протокол за кризни настани и инциденти, со планирани активности-мерки и лица носители на активностите (ученици и наставници). Во случај на несоодветно однесување на ученик и на нередовно посетување на настава од страна на ученик, за ученикот се применува правилникот за изрекување на педагошки мерки, а од страна на психологот се спроведува советување на ученикот и родителот. Во тековната учебна година по основ на намален успех психологот спровел осум советувања на ученици и нивните родители три советувања по основ на нередовно постетување на наставата и четири советувања по снов на несоодветно однесување на ученик. Од остварените советувања подобрување има кај учениците по сите трите основи. Во изминатиот период нема регистрирано појава на ученици кои биле жртви на насилство.

Во кодексите за однесување на ученици и вреботени, наведено е забрана за пушење, внесување и конзумирање на алкохол и наркотични средства, поседување на оружје и опасни материјали по здравјето и животот на сите во училиштето. Класните раководители и стручниот соработник психолог, заедно со учениците, во соработка со НВО „Ектер“, СВР - Битола и со Центарот за јавно здравје - Битола, реализираат предавања за штетното влијание на зависноста од пушењето, алкохолизмот, наркоманијата и друго. Училиштето

има интерен акт - Протокол за кризни настани и инцидентиво кој се пропишани процедури со конкрети активности за постапување при прекршување на забраните.

Во училиштето не се дистрибуира храна за учениците.

Стручниот соработник психолог со сите учениците реализира предавања на тема: „ Здрави навики на живеење“ и во осработка со Центарот за јавно здравје се реализираат предавања на повеќе теми: „Заразни и преносливи болести“, „Срцеви заболувања“, „Менаџирање на стрес“ и други.

Во училиштето нема ученик или друго вработено лице кое има физичка попреченост. Пристапот во училишниот објект не е приспособен за потребите на лица со физичка попреченост, додека спортската сала има пристап приспособен за потребите на овие лица.

Училиштето има изготвено програма за подршка на ученици од социјално економски загрозени семејства. Во тековната учебна година идентификуван е еден ученик кој потекнува од социјално загрозено семејство. Училиштето обезбедува материјални и финансиски средства за ученикот во зависност од сопстевните можности.

### 4.2. Здравје

За тековната учебна година извршена е дезинфекција, дезинсекција и дератизација на училишниот простор. Подовите во училниците, ходниците, скалите и санитариите редовно се чистат. Најголемиот број ученици и родители се задоволни од одржувањето на хигиената во училишниот објект, спортската сала, училишниот двор и во останатиот училишен простор. Во училниците и во училишниот двор поставени се корпи за отпадоци. Средства за хигиена редовно се обезбедуваат.

Училиштето секоја година во соработка со ЈЗУ Здравствен дом „Д-р Хаим Абраванел“ - Битола ги реализира програмата за имунизација и систематските прегледи на учениците. Во текот од второто полугодие од оваа учебна година планирани се систематски прегледи за учениците од прва и четврта година. При појава на здравствен проблем кај ученик од било кој облик, класниот раководител и психологот во соработка со родителот преземаат соодветни мерки за заштита на ученикот.

Училиштето нема договорени процедури со конкретни активности и одговорни лица за грижа за учениците кои поради хронично заболување или посериозни повреди, подолго време отсуствуваат од редовната настава.

Училиштето со ЈЗУ Здравствен дом „Д-р Хаим Абраванел“ - Битола има склучено договор за вршење на систематски прегледи на вработените во училиштето и истите се спроведеи во текот на месец ноември 2023 година.

### 4.3. Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

Училиштето реализира програма за професионално ориентирање и кариерно советување на учениците. Со учениците од завршните години се вршат индивидуални и групни советувања за нивно понатамошно образование и вработување. Исто така, преку содржините програмирани од училиштето со програмата „Подготовка за вработување и работа“ на учениците им се дава помош при изборот на занимањето/установата за понатамошно образование, доусовршување или вработување. Во училиштето се организираат посети од страна на факултети и образовни установи кои пред учениците ги

презентираат своите студиски програми и можностите при избор за понатамошно образование.

### 4.4. Следење на напредокот

Наставниците водат евиденција за напредокот на постигањата, редовноста и поведението за секој ученик. Во училиштето навремено се изготвуваат полугодишни и годишни извештаи за успехот и поведението на учениците. Стручниот соработник психолог располага со податоци за постигањата на учениците. Запознавањето со постигањата на учениците се врши преку родителски средби и издавање на евидентни листови. Наставниците квартално изготвуваат извештаи за успехот на учениците. Извештаите им се доставуваат на увид на стручниот соработник психолог и на директорот. Извештаите за постигнатиот успех и поведение на учениците им се достапни на сите наставници, родители и на самите ученици.

# 5. УЧИЛИШНА КЛИМА

## 5.1. Училишна клима и односи во училиштето

СОЗУ „Кузман Шапкарев“ Битола, е препознатливо по тоа што е најстаро земјоделско училиште во државата, по квалитетот на работа на наставниците, добрата клима и односи во училиштето и специфичноста на струките што се нудат во училиштето. Во последните години имиџот на училиштето се има многу подобрено, пред се поради ентузијазмот, посветеноста и упорната работа на наставниците и психологот со учениците. Минатата учебна година училиштето било проактивно во поглед на иницирање на враќање на наставниот предмет латински јазик во наставниот план на прва година.

Училиштето се грижи за здравјето и безбедноста на сите ученици, ја негува родовата еднаквост и мултикултурализмот, ги поттикнува и ги вклучува учениците и дел од родителите во училишниот живот.

Училиштето е инклузивно. За три ученици со посебни образовни потреби се обезбедени образовни асистенти, за непречено следење на настава, а индивидуалните образовни планови се изработуваат во соработка со родителите и самите ученици.

Наставниот кадар е почитуван од страна на учениците и родителите. Во училиштето се видливи позитивните меѓучовечки односи. Постојат голем број примери на тимска работа, соработка и професионален однос кон работата. Наставниците и психологот сметаат дека меѓусебната професионална соработка е многу добра, како на ниво на стручни активи, така и на ниво на училиште. Заради малиот број вработени, во училиштето има пракса често да има средби на директорот, психологот и наставниците, но и со административно-техничкиот персонал, каде се споделуваат информации и се разменуваат искуства. Учениците и вработените се идентификуваат со училиштето, се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него.

Училиштето има изготвено Куќен ред и повеќе кодекси: Кодекс на облекување на ученици, Кодекс на однесување на ученици и наставници за време на екскурзија или друга вонаставна активност, Етички кодекс на наставници и стручни соработници, како и коекси за однесување на наставниците, учениците и родителите кои се истакнати на видни места во училиштето. Училиштето води сметка куќниот ред и кодексите да бидат прифатени и применети од учениците и вработените, како во училиштето, така и надвор од него. Куќниот ред и кодексите не се донесени по демократски пат. Потребно е нивно донесување по демократски пат, со активно и подеднакво вклучување на сите структури во училиштето.

Училиштето има Правилник за изрекување на педагошки мерки. При прекршување на правилата пропишани со кодексите, за учениците се применува правилникот за изрекување на педагошки мерки. Во првото полугодие од оваа учебна година изречени се: 12 усни опомени од класен раководител, 12 писмени опомени и 11 опомени пред отстранување од училиште.

Училиштето преку своите програмски документи и низа активности (предавања, работилници и др.) води политика на почитување на разликите по основ на етничка припадност, пол и верска определба. Вработените ги поучуваат учениците да се грижат за училиштето и едни за други. Директорот, психологот и повеќето наставници постојано одржуваат поттикнувачка атмосфера во училиштето, што се гледа од нивното однесување кон учениците, другите вработени, родителите и посетителите на училиштето.

Минатата учебна година 30 ученици ја завршиле годината со примерно поведение, 8 - со добро и 4 - со незадоволително поведение. Главна причина за доброто и незадоволителното поведение била големиот број неоправдани изостаноци. Дисциплината на учениците во училиштето е добра. Најголемиот број наставници и ученици сметат дека учениците главно се мирни, се однесуваат учтиво и соработуваат меѓусебно и со наставниците.

Најголемиот број ученици се чувствуваат безбедни и прифатени од возрасните и од другите ученици во училиштето. За време на одморите по одреден распоред наставниците дежураат по ходниците. За време на часовите учениците ги исклучуваат своите мобилни телефони ги оставаат во посебна кутија на масата од наставникот. Со тоа во голема мера се обезбедува ред на часот.

Наставниците сметаат дека учениците се прилагодуваат на поставените критериуми на учење и поучување, на начинот на оценување како и односот на наставниците кон учениците. Голем број ученици имаат потешкотии во совладувањето на целите утврдени со наставните програми. Но психологот во соработка со класните раководители, навремено и успешно презема соодветни мерки.

Учениците и вработените ги почитуваат правилата на однесување во училиштето. Задоволни се од работната атмосфера која се обезбедува за време на наставата и воннаставните активности. Вработените се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците во училишниот објект, во спортската сала и во училишната економија, за време на одморите, за време на нивното доаѓање и заминување од училиште, како и за време на практичната работа, УПР или феријалната пракса. Има мал број примери кога заради оддалеченоста, наставниците ги превезуваат учениците до фирмите за остварување на УПР.

Најголемиот број вработени се трудат да бидат позитивен пример за учениците и со внимание се справуваат со проблемите што се однесуваат на дисциплината и редовноста. Психологот и наставниците сметаат дека проблемите кои настанале со непочитување на правилата на однесување успешно ги надминуваат преку разговори и советувања на учениците и родителите.

Младинската заедница не е формирана. Во училиштето избран е еден ученик - правобранител и двајца негови заменици. Формиран е ученички матурски одбор. Учениците сметаат дека делумно се вклучени во донесувањето на одлуки за прашања што се од нивен непосреден интерес, особено во однос на подобрувањето на условите за учење.

## 5.2. Промовирање на постигањата

Училиштето става акцент на постигањата, дисциплината на сите ученици и на имиџот на училиштето. Наставниците го користат пофалувањето како начин на мотивирање. Учениците согласно своите способности и интереси, имаат можност да ги изразат своите потенцијали, особено во воннаставните активности и практичната работа.

Училиштето води политика на поттикнување на наставниот кадар и ученици да учествуваат на натпревари на локално, регионално и на државно ниво, како и да учат и применуваат позитивни пракси и искуства од училишта од други градови и држави. Секоја година се избираат по двајца ученици од четврта година за првенци на генерација.

Надвор од училиштето, постигањата на учениците се промовираат преку: училишниот ВЕБ портал (http://kuzmansapkarev.edu.mk), училишниот ФБ профил, печатени летоци, локални портали и медиуми, учество на учениците на разни натпревари, конкурси, хуманитарни, културни акции и други воннаставни активности, а во соработка со локални

фирми и други установи. Училишните постигања повремено се објавуваат и на официјалната страна на општина Битола. Минатата учебна година јавното гласило „Вечер“ објавило статија за направената урбана градина во ова училиште, истотака имало прилог на web-страната на еко-програмата „Upshift“ за направената еко-градина и добиената награда „Победник во сектор почва 2023“ со парична награда од 120.000 денари.

Во училиштето на видни места (во ходникот и во канцеларијата на директорот) се истакнати пехари, медаљи, дипломи, пофалници и благодарници на ученици и наставници освоени на разни натпревари и други воннаставни активности.

Училиштето е збратимено со средно земјоделско училиште од Р. Србија, а преку проектот „Еразмус+“ остварува заеднички активности со средно училиште од Турција. Ученици преку училиштето посетиле училишта во Франција и Италија. При реализација на воннаставни активности со училиште од Шведска имало и размена на ученици. На овој начин и преку on-line контакти, СОЗУ „Кузман Шапкарев“ Битола врши промовирање во име на училиштето и државата.

Училиштето има развиен систем за наградување на учениците кои постигнале успех. Училиштето има интерен акти: Правилник за наградување на наставници и стручни соработници и Правилник за наградување на успешни ученици, за наставниците и учениците кои помогнале во промовирање на училиштето.

### 5.3. Еднаквост и правичност

Најголемиот број од воспитно-образовниот кадар ги знае и ги почитува правата на децата. Училиштето ги поттикнува учениците да ги знаат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување. Повремено се организираат работилници и со родители со цел нивно запознавање со правата на децата.

Најголемиот број ученици и родители сметаат дека вработените во училиштето правично и со почит се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло и способностите на учениците. Учениците се учат како да ги препознаваат и како да се справуваат со конкретни ситуации поврзани со дискриминација во рамките на училиштето и пошироко.

Училиштето го промовира и прифаќа мултикултурализмот. Учениците учат да ја почитуваат сопствената култура и традиција и културата на другите етнички заедници во државата, без оглед на која етничка група ѝ припаѓаат и на кој јазик ја посетуваат наставата.

Истотака, училиштето е отворено за соработка со училишта надвор од државата. При ова, учениците и наставниците ги промовираат и почитуваат принципите на мултикултурализмот.

### 5.4. Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница

Училиштето планира и презема активности со цел да вклучи родители во воспитно-образовната работа на училиштето. Мал број родители се вклучуваат во работилници и во воннаставните активности.

Соработката со најголемиот број родители училиштето ја остварува преку индивидуалните и групните родителски средби. Училиштето на законски начин ги избира претставниците на родителите во Училишен одбор. Советот на родители е активен и има своја програма за работа. Има примери на повремени иницијативи од страна на

родителите за подобрување на условите за учење и постигањата на учениците. Родителите се чувствуваат добредојдени во училиштето.

Училиштето активно е вклучено во животот на општина Битола и регионот преку: спроведување на бројни заеднички активности во соработка со голем број јавни установи во општината, проекти и организирање и учество на настани од интерес на заедницата, како и реализација на практичната работа. Од посебно значење е соработката со ЕЛС на општина Битола, МКЦ-Битола, Центар за јавно здравје-Битола, ЗК „Пелагонија“, „Синпекс“, „Еуростил“, „Комуналец“, Агенција за развој на земјоделието, Стопанската комора, ИМБ Млекара -Битола, земјоделски аптеки, ветеринарни амбуланти, „Кромберт и Шуберт“ -Битола и др.

Училиштето соработува со Еко-програмите „Globe“ и „Upshift“, со НВО „Анима-кер центар“, Здружение на граѓани за заштита и унапредување на човечката и животната средина „Еко Гаиа“, Здружение „Лајонес“ Битола, Здружение „Галоп-коњаница“-Битола и др.

# 6. РЕСУРСИ

## 6.1. Сместување и просторни капацитети

Училиштето се наоѓа во северо-источниот дел од Битола на адреса ул. „Димитар Робев“ бр. 3 Битола, (на излезот од Битола кон Прилеп). Наставата во училиштето се реализира во еден училишна зграда на два спрата и во училишната економија.

Училишната зграда е од тврда градба, со вкупна површина од 2535m². Воспитно–образовната дејност во училиштето се остварува во 15 училници и кабинети по: биологија, цвеќарство, мотори и трактори и информатика. Училиштето располага и со наставничка канцеларија, библиотека, четири административни простории, кариерен центар, урбана градина (во визбата), просторија за презентација, мини-лабораторија за метеоролошки анализи, мини-лабораторија за педолошка анализа на земјата, просторија за помошно-техничкиот персонал и други помошни простории.

Во дворното место на училиштето сместени се и други помошни објекти: комплекс на објекти – штали, силоси, амбар, ботаничко-овошна градина со вграден систем за наводнување капка по капка и цвеќара, како и мини метео станица. Училиштето располага и со земјоделско земјиште од 24 хектари во непосредна близина на училишната зграда, кои се обработени под различни култури и на кои се изведува практичната настава.

Во изминатиот период извршена е целосна замена на надворешната дограма, целосна реконструкција на фасадата, на покривот на училишниот објект и сменета е громобранската инсталација. Извршена е санација на санитарните јазли и на подот во една училница и ходникот, бојадисани се внатрешните ѕидови на дел од училниците и ходниците. Внатрешната столарија (врати) е дотраена и има потреба од нејзина замена. Затоплувањето во училишната зграда е со парно греење на нафта.

Спортската сала е современо опремена спортска сала, која располага со добар број на спортски реквизити. Во истата нема затоплување, т.е. салата располага со инсталација за парно греење која не е во функција. За потребите на наставата по спорт и спортски активности во зимски услови потребно е да се обезбеди затоплување на спортската сала,. Училиштето располага со спортски терени за кошарка и фудбал, кои се во непосредна близина на училиштето.

Училишниот двор е хортикултурно уреден. Во училишниот двор има училница за настава на отворено. Училишниот двор не е ограден. Постои потреба од доуредување и оградување на целиот училишен двор.

Во училиштето има неискористени простории кои можат дополнително да се искористат за дополнителна, додатна настава и вонннаставни активности, како и за можна училишна реална компанија.

Просторните капацитети се максимално искористени. Во училиниците има доволно простор т.е. има ергономски услови за настава, бидејќи паралелките бројат помалку од 25 ученици.

## 6.2. Наставни средства и материјали

Училиштето располага со доволен број нагледни средства и други технички помагала. Во училниците има 48 компјутерски работни места за учениците и девет десктоп компјутери за наставниците. Во наставничката канцеларија има два десктоп компјутери за наставниците, за подготовка на наставата.

Во 10 училници се поставени LED телевизори, во една училница има поставено SMART табла, која е во функција, во училницата за презентации и има 3 видео-проектори. Покрај тоа, училиштето располага со печатачи и друга помошна технологија и потрошен материјал. Во целиот училишен простор има кабелски и безжичен пристап до Интернет.

Кабинетот по информатика е опремен. Кариерниот центар е добро опремен. Исто така, мини лабораторијата за педолошка анализа на земјата, со помошна просторија - цвеќара и мини лабораторијата за метеоролошка анализа се опремени со компјутерска опрема и потребните апарати, инструменти, потрошен материјал и друга опрема.

За потребите на урбаната градина обезбедена е аеропоника, сталажи, потрошен материјал и друга опрема. Училишната гаража е опремена со потребната земјоделска механизација: трактор со утоварен механизам, вилушка и лопата, две приколки, две косачки, три двобразни плуга, едни тањирача, една самоодна машина за парк, сетвоспремач, две машини за молзење крави и други алати и машини. Дел од оваа механизација е застарена и за потребите на практичната настава потребно е да се набави нова и современа опрема и механизација.

Во училишната фарма има 10 крави. Во училишниот двор има мини метеоролошка станица, парк за социјализација на миленичиња, еко-градина за производство на чаеви со систем капка-по-капка, ботничка градина со насади за зеленчук и овошје, како и прифатилиште за кучиња-скитници, кое во соработка со општина Битола е во фаза на подготовка.

Училишната библиотека е уредна и опремена со неопходен инвентар, располага со читална, компјутер и пристап до Интернет. Библиотеката располага со: 1407 наслови лектири, 6706 наслови белетристика и 4149 наслови стручна литература. Работното време на библиотеката е истакнато на влезот и е во една смена, за нецело работно време. Работата во библиотеката ја вршат два наставници кои дополнуваат до полн фонд на часови како библиотекари. Евиденцијата во библиотеката се води пишано и електронски во BookDataBase. Библиотекарите имаат програма за работа на библиотеката.

Во текот на наставната година се вршат набавки на потрошен материјал, кои добро ги задоволуваат реалните потреби на училиштето.

## 6.3. Обезбедување на потребниот наставен кадар

Во тековната учебна година настава во училиштето ја реализираат вкупно 21 наставник. Од нив 10 се вработени на неопределено работно време, а 11 на определено работно време. За еден наставен предмет е ангажиран несоодветен наставник по пат на јавен оглас.

Работата на наставниот кадар е потпомогната од психолог, директор, како и од административни службеници: секретар, сметководител, информатичар и благајник. Во училиштето вработени се и помошно-технички лица, и тоа: четири хигиеничари, еден хаусмајстор и четири ноќни чувари-работници.

За ниту еден наставник, ниту за стручниот соработник психолг не е реализирана обука за работа со деца со посебни образовни потреби. Директорот, наставниот кадар и психологот се обучени за реализација на активности за меѓуетничка интеграција и граѓанска вклученост.

Во воспитно-образовната работа повремено се вклучува надворешно лице од Здружението „Еко-Гаиа“-Битола, а за потребите на прифатилиштето на кучиња-скитници присутно е едно лице вработено од страна на „Комуналец“ Битола.

Стручниот соработник психологот им е од голема помош на наставниците во организирањето на наставата, следењето на напредокот на учениците, справување со проблемите на индивидуално и групно ниво и во давање соодветна помош. Во својата програма за работа планира и спроведува разни активности за работа со учениците и наставниците и секогаш е отворен за соработка. Располага со лиценца за вршење психолошка дејност.

Наставниците успешно работат како тим во рамките на стручните активи и придонесуваат за ефективно работење на училиштето. При распределба на кадарот се земаат во предвид квалитетите, искуството и експертизата на наставниците. Од вработените наставници двајца наставници се магистри. Еден наставник е автор на учебник, а три наставници учествувале во изработка, дополнување или измена на наставните програми и планови за средно стручно образование. При вработување на наставниците и стручните соработници се почитуваат законите, подзаконските акти и нормативите за наставен и стручен кадар.

Вработените го почитуваат работното време. Редовноста и извршувањето на работните задачи се контролира од страна на директорот. Во случаи на отсуство на наставник се наоѓа соодветна замена.

### 6.4. Следење на развојните потреби на наставниот кадар

Во училиштето континуирано се следат потребите на наставниците за личен професионален развој. Формиран е четиричлен тим за професионален развој на наставниците и истиот работи според програма со конкретни активности. Сите наставници и стручниот соработник психолог имаат личен план за професионален развој и професионално досие за наставник/стручен соработник.

Во тековната учебна година еден наставник е приправник на кој му е назначен ментор и кој го следи со програма за поддршка на наставник-приправник.

Од увидот во професионалните досиеја на наставниците се констатирани добар број на реализирани обуки кај повеќето наставници. По реализираните обуки и семинари во училиштето се вршат дисеминации. Наставниците имаат портфолија и навремено ги ажурураат секоја учебна година.

Училиштето има внатрешни механизми за оддавање признанија на кадарот, што внесува ефективни иновации во работата.

Наставниците ја истакнаа потребата од уште стручни обуки од соодветната стручна област, како и обука за работа со деца со посебни образовни потреби.

### 6.5. Финансиско работење во училиштето

Училишниот одбор (УО) секоја година со одлука донесува финансиски план и извештај за финансиското работење на училиштето. Нема констатирано пропусти во финансиско работење на училиштето од надлежна установа. Раководниот кадар ги знае и разбира

механизмите кои може да ги искористи за стекнување на дополнителни финансиски средства.

Училиштето располага со: сметка за наменска дотација (903-14), сметка за самофинансирачки активности (787-10) и две сметки за донации преку проектот „Еразмус+“ (785-70 и 785-84). На сопствената сметка има прилив на средства од издавање под закуп на училишен простор (спортска сала, поставување на два апарати: за кондиторски производи и за топли напитоци), како и од вонредните ученици.

Со средствата од сметките (787 и 903) во изминатиот период училиштето наменски ги трошело за потребите на теоретската и практичната настава. Се извршиле голем број инфраструктурни подобрувања и се набавило: компјутерска опрема, ХТЗ опрема за сите ученици и наставници за практичната работа, SMART табла, потрошен материјал, друга опрема, алати, инструменти, сервисирање на механизација и друго. Дел од опремата е донација на други установи (УСАИД, Американска амбасада, Програмата Globe идр). По судска пресуда училиштето станало сопственик на дел од имот од локална фирма (земјиште, пасиште, нива и дел од портирница).

Во училиштето има формирано комисија за јавни набавки, во која има лице член од УО. Истата спроведува јавни набавки од мала и голема вредност. Во училиштето нема лице со лиценца за јавни набавки. УО добива извештај за финансиските активности и состојба на училиштето. Истотака, директорот ги информира, се консултира и дискутира со телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето. Буџетот многу добро се користи за наменски и креативни цели, за подобрување на квалитетот на наставата и учењето, како и инфраструктурни подобрувања во училиштето.

Најголениот број вработени и родители сметаат дека финансиското работење е транспарентно и домаќинско.

# 7. УПРАВУВАЊЕ/РАКОВОДЕЊЕ СО УЧИЛИШТЕТО И КРЕИРАЊЕ НА ПОЛИТИКА НА УЧИЛИШТЕТО

## 7.1. Управување и раководење со училиштето

Училишниот одбор е конституиран согласно Законот за средно образование и Статутот на училиштето. Училишниот одбор работи согласно законот и Деловникот за работа, со кои јасно се определени неговите надлежности. Состаноците на УО се одржуваат со законскиот кворум за работа. За својата работа УО ги запознава другите чинители вклучени во воспитно-образовниот процес преку ивните органи и тела, наставниците преку наставничкиот совет, а родителите преку советот на родители, како и преку објавување на одлуките на огласната табла. Училишниот одбор соработува со раководниот орган и со другите образовни структури на училиштето само на формално ниво. Училишниот одбор има покренато иницијатива за обука на наставниците за работа со ученици со посебни образовни потреби.

Училиштето има Статут и за него има добиено согласност од Министерството за образование и наука. Со Решение бр. 08-73/4 од 31.01.2024г. донесено од Градоначалникот на општина Битола, за в.д. директор на училиштето е именуван Златко Крстевски, дипломиран ветеринар, вработен во училиштето на неопределено работно време како наставник по стручни предмети.

Раководниот има професионален однос кон работата и како приоритет на своето работење го става подобрување на условите за работа во училиштето и постигањата на учениците. Работењето на раководниот орган е засновано на тимска работа и има подршка во раководењето и реализирањето на образовната политика од сите структури на училиштето.

## 7.2. Цели и креирање на училишна политика

Образовната политика на училиштето е определена со Годишната програма за работа и Програмата за развој. Истите се во согласност со државната и локалната образовна политика. Целите се јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и постигањата на учениците. Општа цел на училиштето е учениците да се здобијат со потребни знаења, умеења и вештини од одредени научни дисциплини, усвојувајќи знаења за продолжување на образованието или вклучување во процесот на трудот преку обезбедување на основа за доживотно учење.

Наставниците активно учествуваат во одредувањето на развојните цели и креирањето на стратегиите за нивно остварување и се запознаваат со нивното остварување. Родителите и учениците се запознаваат со развојните цели, но не се активно вклучени во нивното креирање и остварување. Има потреба од поактивно вклучување на учениците и родителите во креирањето и остварувањето на училишната развојна политика

При изработката на Програмата за развој земени се предвид ставовите на сите чинители заинтересирани за работата на училиштето. Од спроведената самоевалуација изготвен е извештај во кој се наведени јаките и слаби страни во работењето на училиштето.

Училиштето ги идентификува потребите за стручно усовршување на наставниците

Училиштето има воспоставено соработка со локалната заедница, деловната заедница и МОН за подобрување на инфраструктурата на училиштето.

# 8. НАОДИ И ПРЕПОРАКИ

## 8.1. Јаки страни

- Постигањата на учениците многу добро и редовно се следат од страна на стручната служба и се анализираат на наставнички и на класни совети, а најголемиот број наставници посветуваат големо внимание и ги преземаат сите можни мерки за подобрување на успехот на учениците;
- Училиштето вложува големи напори и делува проактивно за да го подобри опфатот на ученици, односно да го зголеми бројот на ученици кои се запишуваат во прва година;
- Психологот дава целосна и навремена поддршка на наставниците во процесот на планирање и остварување на воспитно-образовната работа, како и на учениците во справување со потешкотиите со кои се соочуваат;
- Најголемиот број ученици и родители сметаат дека најголемиот број од наставниците се однесуваат со учениците на начин кој промовира взаемно почитување и разбирање;
- Училиштето е препознатливо по меѓучовечките односите, поддршката на наставниците и психологот која им ја даваат на учениците, промовирањето на постигањата на учениците, како и соработката со локалната и деловната заедница и граѓанскиот сектор;
- Постигнат е значителен напредок во подобрување на просторните услови и опремување со нагледни наставни и технички средства,
- Најголеиот број наставници и родители сметаат дека финансиското работење е транспарентно, наменско и домаќинско.

## 8.2. Слаби страни

- Училиштето нема разработено насоки за вградување на меѓупредметните цели во наставните програми што се остваруваат и мал број од наставниците ги вградуваат истите во нивните планирања;
- Системот за парно греење на спортската сала не е во функција;
- Дел од училишната земјоделска механизација и опрема е застарена и потребно е да се набави нова и современа механизација, опрема и инструменти,
- Внатрешната соларија (врати) и подот во сите училници во училишниот објект е оштетен.
- Организираниот превоз не соодветствува на потребите на учениците, односно постојката на пристигнување и заминување е на голема оддалеченост од училиштето;
- Не е обезбедена обука на наставниците и стручните соработници за работа со ученици со посебни образовни потреби.

## 8.3. Препораки

1. **Да се разработат насоки во облик на интерен акт за вградување на меѓупредметните цели во наставните програми што се остваруваат и активности поголемиот број од наставниците да ги вградуваат истите во нивните планирања;**

2. **Во соработка со основачот да се превземат конкретни активности за:**
   - **обезбедување на функционалност на системот за парно греење на спортската сала заради непречено оставарување на наставата по спорт и спортски активности во ладните месеци,**
   - **подновување на внатрешната столарија и подот во сите училници во училишниот објект и**
   - **обезбедување на соодветен превоз за учениците до училиштето;**

3. **Во соработка со основачот, МОН и деловната заедница да се превземат конкретни активности во насока на изработка на акционен план за набавка на современа земјоделска механизација, опрема и инструменти за потребите на практичната настава;**

4. **Да се обезбедат потребните обука на наставниците и стручните соработници за работа со ученици со посебни образовни потреби;**

| | |
|---|---|
| Гордан Трифуновски, Раководител на инспекцискиот тим | |
| Илија Илиески, Инспектор | |
| Весна Корлевска, Инспектор | |